**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2024 ГОДИНА

**Скопје, јули 2024 година**

**СОДРЖИНА**


Резиме ... 2
1. Меѓународни економски трендови ... 3
2. Макроекономски трендови во земјата ... 4
   2.1. Економска активност ... 4
   2.2. Пазар на работна сила ... 7
   2.3. Инфлација и монетарни движења ... 8
   2.4. Платен биланс ... 9
3. Фискален сектор ... 10
   3.1. Буџет на Република Северна Македонија ... 10
      3.1.1 Извршување на Основниот буџет ... 12
      3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите ... 14
      3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници ... 15
      3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници ... 15
   3.2. Управување со јавниот долг ... 18

## Резиме

- Во првото тримесечје од 2024 година, бруто-домашниот производ (БДП) забележа годишен раст од 1,2% на реална основа, при што домашната побарувачка има позитивен придонес во економскиот раст во услови на зголемени бруто-инвестиции и зголемена потрошувачка, додека придонесот на нето-извозот во растот е негативен;
- Според Анкетата на работната сила, невработеноста се намали во првото тримесечје од 2024 година, при што стапката на невработеност достигна 12,9%, што претставува пад од 0,4 процентни поени во однос на истото тримесечје од претходната година;
- Во текот на првата половина од 2024 година, инфлацијата продолжи со трендот на забавување на растот и во јуни 2024 година изнесуваше 3,2% на годишно ниво. Кумулативно, во првите шест месеци просечната стапка на инфлација изнесува 3,7%;
- Во периодот јануари – јуни 2024 година, вкупните буџетски приходи се остварени во износ од 144.304 милиони денари, што претставува 46,5% од планираниот износ за 2024 година и во однос на првото полугодие претходната година тие се зголемени за 9,9%;
- Реализацијата на вкупните буџетски расходи во периодот јануари – јуни 2024 година изнесува 168.162 милиона денари, што претставува 48,9% од годишниот план и во однос на првото полугодие претходната година тие се зголемени за 8,5%;
- Во периодот јануари – јуни 2024 година, во Буџетот на РСМ е остварен дефицит од 23.858 милиони денари, што претставува 2,64% од проектираниот БДП за 2024 година, како и примарен дефицит којшто изнесува 1,4% од проектираниот БДП за 2024 година;
- Државниот долг на РС Македонија на крајот на првиот квартал од 2024 година изнесува 51,5% од БДП, додека јавниот долг претставува 59,8% од БДП.

## 1. Меѓународни економски трендови[1]

Глобалната економска активност покажа отпорност на почетокот на 2024 година, што беше поддржано од силната приватна потрошувачка во клучните економии, при што растот се одржува на стабилно ниво, додека инфлацијата постепено забавува. Инфлацијата во услужниот сектор го забавува темпото на намалување на вкупната инфлација, а со тоа го одложува и комплицира нормализирањето на монетарната политика, но, од друга страна, нормализирањето на пазарите на труд и очекуваниот пад на цените на енегријата се очекува да ја стабилизираат инфлацијата. Сепак, и покрај турбулентниот период, светот избегна рецесија, банкарскиот систем во голема мера се покажа како отпорен, а големите економии во развој не претрпеа значителни шокови, иако темпото на економска експанзија останува ниско според историските стандарди.

Креаторите на политики се соочуваат со два предизвика: понатамошно стабилизирање на цените и справување со ефектите од неодамнешните кризи. На краток рок, ова подразбира внимателен микс на политики.

Глобалниот раст е проектиран на 3,2% во 2024 година, согласно проекциите на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) од април 2024 година, задржувајќи го истото темпо како во 2023 година. Иако во однос на претходните проекции од октомври е извршена нагорна ревизија од 0,3 п.п., растот на глобалната активност и понатаму се очекува да биде понизок во споредба со периодот пред пандемијата, како резултат на сè уште високите трошоци за задолжување и повлекувањето на фискалната поддршка како краткорочни ефекти и долгорочните последици од пандемијата, како и на руската инвазија на Украина, слабиот раст на продуктивноста и зголемувањето на геоекономската фрагментација. (Графикон 1)

Економскиот раст во ЕУ и во еврозоната во 2024 година е проектиран да изнесува 1,1% и 0,8%, соодветно, што претставува надолна ревизија на стапките на раст од 0,4 п.п. во споредба со октомврискиот извештај. Германија, како наш најзначаен трговски партнер, се очекува да оствари раст од 0,2% во 2024 година што претставува намалување од 0,7 п.п. споредено со претходните очекувања.

Глобалната инфлација се очекува да се намали од 6,7% колку што изнесуваше во 2023 година на 5,9% во 2024 година, додека во еврозоната се очекува да се намали на 2,4% во 2024 година од 5,4% колку што изнесуваше во 2023 година. Проекциите за инфлацијата се базирани на очекувањата за намалување на цените на основните прехранбени производи на светските берзи, намалените цени на нафтата и енергијата, како и на пониската базична инфлација поради сè уште затегнатите финансиски услови.

Графикон 1. Реален раст на БДП (%)



Извор: ММФ, април 2024 година (* проекции)

[1] Анализата во овој дел се базира на извештајот на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) од април 2024 година.

Генерално, ризиците за остварувањата на изгледите за глобалниот економски раст се избалансирани, со исклучок на одредени краткорочни ризици. Краткорочните нагорни ризици се поврзани со инфлацијата, а тие произлегуваат од постојаниот раст на цените во услужниот сектор и од ценовните притисоци, кои, пак, произлегуваат од влошувањето на трговските односи или геополитичките тензии. Ескалацијата на тензиите во трговската размена би можело дополнително да ги зголеми краткорочните ризици за инфлација, и тоа преку зголемување на цените на увезените стоки во синџирите на снабдување. Ризикот од повисока инфлација ја зголемува веројатноста за повисоки каматни стапки на подолг рок, што води кон зголемување на надворешните, фискалните и финансиските ризици. Дополнително, ризици произлегуваат и од продолжената апрецијација на доларот што може да го наруши протокот на капитал и да го попречи планираното олеснување на монетарната политика, потоа од очекувањата за значителни промени во економската политика како резултат на годинашните избори во САД, како и од трговските тарифи, што заедно со стимулирањето на индустриските политики ширум светот може да генерира штетни прекугранични прелевања.

Од друга страна, политиките кои промовираат мултилатерализам и побрзо спроведување макро-структурни реформи и вештачката интелегенција би можеле да ги поттикнат понудата, продуктивноста и растот, со пошироки позитивни прелевања.

## 2. Макроекономски трендови во земјата[2]

### 2.1. Економска активност

Во првото тримесечје од 2024 година, бруто-домашниот производ (БДП) забележа годишен раст од 1,2% на реална основа, при што домашната побарувачка има позитивен придонес во економскиот раст во услови на зголемени бруто-инвестиции и зголемена потрошувачка, додека придонесот на нето-извозот во растот е негативен.

Потрошувачката забележа раст од 2,1% на реална основа, како резултат на растот на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка порасна за 2,0%, во најголем дел како последица на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на поинтензивен раст на платите во К1 2024 (реален раст од 12,5%), раст на пензиите и од кредитирањето на домаќинствата. Јавната потрошувачка забележа раст од 2,4% на реална основа. Бруто-инвестициите забележаа двоцифрен раст од 23,6% во К1, што претставува значително закрепнување по негативните остварувања во 2023 година, во услови на зголемен увоз на капитални добра (номинален раст од 34,6%) и зголемена реализација на буџетските капитални расходи (номинален раст од 31,7%).

Графикон 2. Расходна структура на економскиот раст (придонес во раст, процентни поени)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

[2] Во Извештајот се користат последните расположливи податоци. За БДП, невработеноста и платниот биланс достапни се податоци заклучно со првиот квартал од 2024 година.

Слабата економска активност во земјите на ЕУ и соодветно на екстерната побарувачка резултираше со пад на извозот на стоки и услуги од 7,8% на реална основа. Падот на извозот е одраз главно на намалениот извоз на хемиски материи и производи, електрична енергија, друмски возила и метална руда и отпадоци од метал. Од друга страна, пак, увозот на стоки и услуги забележа реален раст од 0,2%, придвижен од увозот на капиталните производи којшто е зголемен за 34,6%, додека намалувањето на увозот на интермедијарни производи забави во услови на намалена извозна активност овој квартал. Оттука, нето-извозот бележи негативен придонес врз економскиот раст. Така, во првите пет месеци од 2024 година е регистриран пад на надворешнотрговската размена за 3,3% како резултат на падот на извозот на стоки за 8,8% при истовремен раст на увозот за 1,0%, што придонесе за зголемување на трговскиот дефицит за 34,1%.

Анализирано по дејности, економскиот раст во К1 2024 година се должи исклучиво на позитивните остварувања во услужниот сектор. Активноста во услужниот сектор, како целина, забележа раст од 4,1% во првото тримесечје, што пред сè се должи на поволните движења во дејностите уметност, забава и рекреација за 19,6%, стручни, научни и технички дејности за 7,5% и трговија, транспорт и угостителство за 6,9%. Високофреквентните податоци за внатрешната трговија во периодот јануари – мај 2024 година покажуваат номинален раст на прометот за 4,2%, што се должи на поволните движења во сите сегменти на трговската активност.

Графикон 3. Структура на економски раст според производниот метод (придонес во раст, п.п.)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Во првите три месеци градежниот сектор забележа пад од 2,5%. Согласно месечните податоци за вкупните извршени градежни работи, ваквото остварување се должи на падот на градежната активност во сегментот високоградба и специјализирани градежни работи, додека активноста во сегментот нискоградба забележа раст. Во овој период, земјоделството регистрира двоцифрен пад од 19,7% по падот од 15,3% во претходниот квартал, со што продолжуваат негативните остварувања во овој сектор.

Во првото тримесечје активноста во индустрискиот сектор забележа пад од 1,2%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа пад од 0,3%. Согласно високофреквентните податоци, пад во К1 2024 забележаа и секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 24,5% и Рударство и вадење камен од 2,3%.

Согласно месечните податоци, индустриското производство забележа намалување и во мај 2024 година, кога е остварен годишен пад од 13,2%, како резултат на намаленото производство во сите сектори, и тоа: рударство и вадење камен за 17,1%, преработувачка индустрија за 10,6% и енергетски сектор за 18,4%. Намалувањето на индустриското производство, кое во првите пет месеци од годината изнесува 4,9%, во голема мера е резултат и на намаленото производство кај традиционалните индустриски гранки како што се производството на тутунски производи, кожа, облека и преработката на дрво и производството на компјутерски, електронски и оптички производи. Во периодот јануари - мај 2024 година, производството на електрична енергија бележи намалување од 26,7% како резултат на високата

споредбена основа од претходната година кога беше остварен кумулативен раст од 13,0%, што се должеше на мерките за поддршка за целосно искористување на домашните капацитети за производство на електрична енергија.

Графикон 4. Годишен раст на индустриското производство (во %)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Послабото остварување во 2023 година во однос на очекуваното, податоците за економските движења во првата половина од 2024 година и понеповолното меѓународно опкружување условуваат надолна ревизија на очекувањата за раст на домашната економија годинава, којшто е проектиран на ниво од 2,1% наспроти растот од 3,4% согласно проекциите од декември 2023 година. Се очекува растот да биде придвижен од домашната побарувачка, а нето-извозот да има негативен придонес врз растот.

Се очекува приватната потрошувачка и понатаму да биде еден од главните двигатели на растот, поддржана од растот на расположливиот доход и од солидната кредитна активност на банкарскиот систем. Расположливиот доход е поддржан од високиот раст на платите на реална основа, како и од линеарното зголемување на пензиите што ќе ја динамизира потрошувачката во следниот период. Оттаму, се очекува приватната потрошувачка да забележи раст од 2,7% на реална основа.

Предвидувањата за бруто-инвестициите се дека тие ќе забележат раст од 10,0%, што главно се должи на ниската споредбена основа, односно на падот од 16,7% во 2023 година, како и дека ќе да бидат придвижени од зголемените инвестиции во основни средства, односно машини и опрема, и нормализирање на нивото на залихи во текот на годината. Соодветен придонес се очекува и од поефикасна реализација на започнатите инфраструктурни проекти во преостанатиот дел од годината, како и од реализацијата на проектите поврзани со локалната инфраструктура.

Очекувањата за јавната потрошувачка се дека таа ќе забележи раст од 3,3% во услови на зголемување на расходите за плати кои произлегуваат од потребата за усогласување со претходно потпишаните колективни договори придружено со кратење на непродуктивните расходи за стоки и услуги.

Извозот на стоки и услуги се очекува да закрепне во следниот период (по падот во 2023 година) како резултат на нешто поповолните изгледи за раст кај главните трговски партнери. Извозната активност се очекува да биде поддржана од поволните ефекти од цената на металите врз традиционалниот извозен сектор, понатамошните добри перформанси на компаниите од автомобилската индустрија, како и од натамошните инвестиции за зголемување на капацитетите во слободните индустриски зони. Оттаму, извозот се очекува да забележи раст од 2,5%.

Растот на извозот, но и растот на домашната побарувачка и инвестициите, се очекува да влијаат и врз зголемувањето на увозот на стоки и услуги, и тоа со позасилена динамика (делумно и поради повисокиот пад од 5,8% во 2023). Очекувањата се дека тој ќе забележи раст од 5,4%, а вкупниот придонес на нето-извозот да биде негативен.

Стапката на инфлација за 2024 година е проектирана на 3,5%, што претставува значително забавување на ценовната динамика споредено со 2023 година. Во текот на втората половина од годината се очекува понатамошно забавување на растот на инфлацијата, односно стабилизирање на цените на храната и енергентите, како и поумерен притисок од базичната инфлација.

Позитивните движења на пазарот на труд се очекува да продолжат и во следниот период, но со нешто поумерена динамика во однос на претходните проекции. Се очекува и зголемување на бројот на вработени за околу 1%, како и намалување на стапката на невработеност за 2024 година на ниво од 12,6%. Во однос на просечната нето-плата, високиот раст ќе се задржи во текот на 2024 година и тој е проектиран на ниво од 13% во просек, во услови на зголемување на платите во одредени дејности од јавниот сектор и пораст на платите во некои високопродуктивни дејности.

Основното макроекономско сценарио е придружено со ризици, коишто се оценуваат како надолни во однос на проектираниот економски раст. Ризиците во однос на надворешното окружување и понатаму се поврзани со геополитичките тензии, односно војната во Украина и конфликтот на Блискиот Исток. Понатамошното продлабочување на геоекономската фрагментација преку наметнување на дополнителни ограничувања на протокот на стоки, капитал и луѓе, би имало неповолни ефекти врз синџирите на снабдување и берзанските цени, а соодветно на тоа и на трговијата и на надворешното окружување. Ризиците за проекцијата на инфлацијата се поврзани со движењата на цените на примарните производи, односно нивен раст поради геополитичките фактори и нарушувања во синџирот на снабдување, како и домашните ризици кои се поврзани со пазарот на труд и регулирањето на цените. Во однос на домашното окружување, како главен ризик се јавува понатамошното одлагање на реализацијата на предвидените инфраструктурни проекти.

Табела 1. Споредба на проекциите за економскиот раст и инфлацијата за 2024 година (во %)

| | Економски раст | Инфлација |
|---|---|---|
| **Министерство за финансии** | 2,1% | 3,5% |
| **ММФ** | 2,7 | 4,0 |
| **Светска банка** | 2,5 | 3,0 |
| **Европска комисија** | 2,9 | 3,0 |
| **ЕБОР** | 2,5 | / |
| **Агенција за кредитен рејтинг „Фич“** | 2,9 | 3,7 |
| **Народна банка на РСМ** | 2,6 | 3,5 |

Извор: Проекции на Министерството за финансии, ММФ (IMF World Economic Outlook, април 2024 г.), Светската банка (Western Balkans Regular Economic Report, април 2024 г.), Европската комисија (European Economic Forecast, мај 2024 г.), ЕБОР (Regional Economic Prospects, мај 2024 г.), Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич“ (Fitch Ratings, април 2024 г.) и Народната банка на РСМ (Квартален извештај, мај 2024 г.).

## 2.2. Пазар на работна сила

Според Анкетата на работната сила, во првото тримесечје од 2024 година невработеноста се намали, при што стапката на невработеност достигна 12,9%, што претставува пад од 0,4 процентни поени во однос на истото тримесечје од претходната година.

Стапката на вработеност во првото тримесечје од 2024 година изнесува 45,4% и во однос на истиот квартал од 2023 година е зголемена за 0,3 п.п., додека активното население сочинува 52,1% од вкупното работоспособно население и е зголемено за 0,1 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година.

Во првите пет месеци од 2024 година, платите забележаа просечен раст од 13,1% на номинална основа (Графикон 5). Во овој период, раст на просечна плата се забележува во сите сектори, при што најизразен е во образованието, уметноста, забавата и рекреацијата, јавната управа и одбраната,

снабдувањето со вода, земјоделството, снабдувањето со електрична енергија и преработувачката индустрија.

Графикон 5. Раст на просечната нето-плата (во %)




## 2.3. Инфлација и монетарни движења

Во текот на првата половина од 2024 година инфлацијата продолжи со трендот на забавување и во јуни 2024 година таа изнесуваше 3,2% на годишно ниво. Кумулативно, во првите шест месеци просечната стапка на инфлација изнесува 3,7%.

Во првите шест месеци од 2024 година, инфлацијата во голем дел произлегува од базичната компонента која регистрира побавно намалување на цените, односно во првата половина од годината базичната инфлација изнесува 4,9%. На крајот на првиот квартал цените на храната регистрираа забрзување, што се должи на растот на цените на зеленчукот и овошјето, како и на укинувањето на мерките за намалување на цените на храната во малопродажбата. Ваквите движења продолжија до мај 2024 година откако во јуни цените на храната забележаа забавување на растот на годишно ниво. Кумулативно, во првите шест месеци цените на храната регистрираа раст од 3,0% и намалување на придонесот во вкупната инфлација. Во периодот јануари - јуни 2024 година, цените на енергијата и на нафтените деривати регистрираа раст од 2,7% и 0,7%, соодветно, што е во склад со движењата на светските берзи.

Графикон 6. Вкупна и базична инфлација (во %)



Согласно потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа, Народната банка и во текот на јуни 2024 година ја задржа основната каматна стапка на ниво од 6,3%, којашто е непроменета од септември 2023 година.

Кредитната активност во јуни 2024 година се зголеми за 6,4% на годишна основа, во услови на раст на кредитите кон претпријатија и на кредитите кон домаќинствата за 5,8% и 7,1%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,7%, додека кредитите во странска валута се намалија за 0,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2024 година оствари раст од 7,2% на годишна основа во услови на раст на депозитите на претпријатијата и на депозитите на домаќинствата за 4,7% и 8,9%, соодветно. Анализирано според валутата, годишен раст регистрираа депозитите во домашна и странска валута за 9,9% и 3,9%, соодветно.

### 2.4. Платен биланс

Тековната сметка на платниот биланс забележа дефицит од 185,0 милиони евра во првото тримесечје од 2024 година, наспроти суфицитот од 92,8 милиони евра забележан лани во истиот период, што главно се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки (35,1%) и на сметката на примарен доход (4,4%), како и на намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 17,2%. Позитивен ефект имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 19,2%. Приливот на странски директни инвестиции (СДИ) изнесува 290,2 милиона евра и во однос на истиот период минатата година тој е зголемен за 134,1 милион евра, што главно се должи на зголемениот прилив по основ на сопственички капитал и должнички инструменти.

Графикон 7. Салдо на тековна сметка и прилив на СДИ (во милиони евра)




Износот на девизните резерви во јуни 2024 година е 4,3 милијарди евра и со нив се обезбедува покриеност на увоз на стоки и услуги од 4,4 месеци од претходниот 12-месечен период, што претставува соодветно ниво на резерви.

## 3. Фискален сектор

### 3.1. Буџет на Република Северна Македонија

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година планирани се вкупни приходи во износ од 310.097 милиони денари, вкупни расходи во износ од 343.638 милиони денари, односно планиран е дефицит од 33.541 милион денари (дефицит на Основниот буџет 28.318 милиони денари, дефицит на фондовите 2.004 милиони денари и дефицит на сметките за сопствени приходи 3.219 милиони денари).

Графикон 8. Шематски приказ на Буџетот на РСМ, остварување (во милиони денари) и стапка на реализација (во %) во првото полугодие од 2024 година




Реализацијата на вкупните буџетски приходи изнесува 144.304 милиони денари, што претставува 46,5% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување од 9,9% во однос на реализираните буџетски приходи во истиот период од 2023 година (Табела 2). Во рамки на вкупните приходи, 133.952 милиона денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 48% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува раст од 14,4% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 82.895 милиони денари[3] (реализација од 47% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 50.195 милиони денари (годишен раст од 14,4%, односно 49,7% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај сите приходи, и тоа: други даночни приходи за 54,1%, данок на добивка за 23,1%, данок на личен доход за 17,8%, по што следат увозните давачки со раст на наплатата за 14,7%, данокот на додадена вредност со раст од 13,5% и акцизите за 3,8%.

Реализацијата на вкупните расходи на Буџетот на РСМ во периодот јануари – јуни 2024 година изнесува 168.162 милиона денари, што претставува 49,0% од годишниот план, односно раст од 8,5% во однос на првото полугодие од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 155.232 милиона денари или 52,0% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 16,8% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај каматните расходи, и тоа за 67,8%, кај расходите за стоки и услуги за 8,6% и кај платите и надоместоците за 22,7%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековни расходи, се зголемија за 13,2%, водени од високиот раст кај

[3] Вклучени се и приходите од сопствени сметки во износ од 862 милиона денари.

социјалните трансфери од 15,9%, расходите за здравствена заштита од 14,2%, блок и наменските дотации од 11,7% и субвенциите и трансферите од 3,8%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 12.930 милиони денари или пониски за 41,0% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во првото полугодие во однос на иницијалниот буџет изнесува 28,6%.

Табела 2. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – јуни 2024 година

| | Буџет 2024 | јануари - јуни 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **310.097** | **144.304** | **9,9%** | **46,5%** |
| **Даноци и придонеси** | **279.044** | **133.952** | **14,4%** | **48,0%** |
| Даноци | 178.067 | 82.895 | 14,2% | 47,0% |
| Данок на личен доход | 31.116 | 14.733 | 17,8% | 47,3% |
| Данок на добивка | 19.483 | 11.960 | 23,1% | 61,4% |
| ДДВ | 80.698 | 36.147 | 13,5% | 44,8% |
| Акцизи | 30.969 | 13.447 | 3,8% | 43,4% |
| Увозни давачки | 12.124 | 6.084 | 14,7% | 50,2% |
| Други даночни приходи | 3.677 | 1.299 | 54,1% | 47,5% |
| Придонеси | 100.977 | 50.195 | 14,4% | 49,7% |
| **Неданочни приходи** | **20.394** | **8.810** | **13,2%** | **43,2%** |
| **Капитални приходи** | **3.210** | **346** | **-9,7%** | **10,8%** |
| **Странски донации** | **7.449** | **1.196** | **-79,9%** | **16,1%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **343.638** | **168.162** | **8,5%** | **48,9%** |
| **Тековни расходи** | **298.459** | **155.232** | **16,8%** | **52,0%** |
| Плати и надоместоци | 41.178 | 21.065 | 22,7% | 51,2% |
| Стоки и услуги | 25.113 | 10.306 | 8,6% | 41,0% |
| Трансфери | 215.358 | 112.639 | 13,2% | 52,3% |
| Социјални трансфери | 161.842 | 82.611 | 15,9% | 51,0% |
| ПИОСМ | 98.995 | 52.066 | 18,1% | 52,6% |
| Паричен надоместок за невработени | 3.026 | 836 | 11,3% | 27,6% |
| Социјална помош | 14.089 | 7.448 | 5,7% | 52,9% |
| Здравствена заштита | 45.732 | 22.261 | 14,2% | 48,7% |
| Други трансфери | 53.516 | 30.028 | 7,5% | 56,1% |
| Камата | 16.810 | 11.052 | 67,8% | 66,8% |
| **Капитални расходи** | **45.179** | **12.930** | **-41,0%** | **28,6%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-33.541** | **-23.858** | **0,8%** | **71,13%** |

Извор:Министерство за финансии

Во периодот јануари – јуни 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 23.858 милиони денари, што претставува 2,64% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 71,13% од годишниот план (Табела 2).

Во рамките на Буџетот на РСМ, Основниот буџет оствари дефицит од 28.318 милиони денари, фондовите суфицит од 4.900 милиони денари, а на сметките за сопствени приходи е остварен дефицит во износ од 441 милион денари.

### 3.1.1 Извршување на Основниот буџет

Вкупните приходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2024 година изнесуваат 85.819 милиони денари. Тие претставуваат 46,0% од вкупно предвидените приходи за 2024 година во износ од 186.742 милиона денари.

Наплатата на даночните приходи во овој период, кои претставуваат најзначајна ставка во рамки на вкупните приходи, изнесува 82.060 милиони денари, односно 47,2% од годишниот план, додека неданочните и капиталните приходи се остварени во износ од 3.759 милиони денари или 32,8% во однос на планираните за целата година.

Структурата на остварените даночни приходи покажува дека данокот на додадена вредност има најголемо учество со 36.147 милиони денари или 44,8% од вкупните даночни приходи (Графикон 9). Потоа следуваат приходите по основ на данок на личен доход со 14.733 милиони денари, акцизите со 12.699 милиони денари, данокот на добивка со 11.960 милиони денари, увозните давачки со 6.084 милиони денари и другите даночни приходи со 437 милиони денари.

Графикон 9. Структура на остварени даночни приходи, јануари – јуни 2024 година




Вкупните расходи на Основниот буџет во периодот јануари – јуни 2024 година се реализирани во износ од 114.052 милиона денари или 53,0% од вкупно предвидените средства со Основниот буџет за 2024 година.

Во структурата на извршените расходи во овој период најголемо учество имаат тековни трансфери до буџетските фондови со 25.634 милиони денари. Потоа следуваат плати и надоместоци со 19.959 милиони денари, субвенции и трансфери со 18.380, тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа со 14.726 милиони денари, каматни плаќања 11.052 милиона денари, капитални расходи со 9.693 милиони денари, социјални бенефиции со 7.358 и расходи за стоки и услуги со 7.250 милиони денари. На Графиконот 10 е прикажано нивното процентуално учество во вкупните расходи.

Графикон 10. Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – јуни 2024 година



Извор: Министерство за финансии

Стапката на реализација во категоријата стоки и услуги изнесува 43,0%. На Графиконот 11 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените расходи за стоки и услуги.

Графикон 11. Расходи за стоки и услуги, јануари – јуни 2024 година (во милиони денари)



Извор: Министерство за финансии

Во првата половина од годината, тековните трансфери до буџетските фондови претставуваат 8,7% од годишниот план. Во рамки на оваа категорија, 56,9% отпаѓаат на трансфери до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (Фонд на ПИОСМ), додека другиот дел се трансфери до Фондот за здравствено осигурување и до Агенцијата за вработување.

Од вкупно планираните средства за тековни трансфери до ЕЛС за 2024 година, во првата половина од годината се реализираа 49,4%. Во рамки на оваа категорија најголемиот износ или 86,5% се реализирани по основ на блок и наменски дотации, додека остатокот е по основ на ДДВ дотации.

Стапката на реализација во категоријата субвенции и трансфери во разгледуваниот период изнесува 61,9%. Најголем дел од овие средства, 5.002 милиона денари се исплатени по основ на земјоделски субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Социјалните бенефиции во периодот јануари – јуни претставуваат 54,0% од годишниот план.

Во разгледуваниот период, капиталните расходи претставуваат 29,1% од планираните средства за оваа намена со Основниот буџет за 2024 година. На Графиконот 12 се прикажани дезагрегирани податоци за извршените капитални расходи.

Графикон 12. Капитални расходи, јануари – јуни 2024 година (во милиони денари)




Во разгледуваниот период, од Основниот буџет е извршена отплата на главнината по однос на вкупниот долг во износ од 23.370 милиони денари, додека плаќањата по основ на камати изнесуваат 11.052 милиона денари. Од вкупните одливи по основ на отплата на кредити, 13.473 милиони денари се одливи за отплата на главнина кон домашни кредитори, додека 9.897 милиони денари се одливи за отплата на главнина кон нерезидентни кредитори. За трошоци по основ на камата кон домашни кредитори исплатени се 3.160 милиони денари, а кон странски кредитори 7.892 милиона денари.

### 3.1.2 Извршување на буџетот на фондовите

Во првата половина од годината, Фондот на ПИОСМ оствари суфицит од 3.538 милион денари. Заклучно со јуни остварувањето на приходите и приливите изнесува 60.447 милиони денари, што претставува 55,6% во однос на планираните за 2024 година, додека извршувањето на расходите изнесува 56.910 милиони денари, односно 51,5% од годишниот план. Од вкупните приходи, 32.793 милиони денари се приходи по основ на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување (48,4% од годишниот план), 25.634 милиони денари се трансфери од Основниот буџет, 748 милион денари се приходи од акцизи, 682 милиона денари се приходи од самовработување, 343 милиони денари се приходи од доход, 94 милиони денари се приходи од индивидуални земјоделци, а останатите 153 милиони денари се други приходи на Фондот.

Во делот на расходите на Фондот на ПИОСМ, трошоците за пензии се реализирани во износ од 44.188 милиони денари или 51,6% од предвидените за 2024 година. Исплатата на пензиите се одвива во

согласност со предвидената динамика за 2024 година. Трансферите од Фондот на ПИОСМ до приватните пензиски фондови изнесуваат 7.878 милиони денари, а трансферите на придонесите за здравствено осигурување за пензионери до Фондот за здравствено осигурување 4.508 милиони денари. Расходите за плати, стоки и услуги и други трошоци се извршени во износ од 336 милиони денари.

Заклучно со јуни 2024 година, Фондот за здравствено осигурување оствари суфицит во висина од 440 милиони денари, во услови на остварени приходи во износ од 22.988 милиони денари, што претставува 49,6% од годишниот план и извршени расходи во износ од 22.548 милиони денари, односно 48,6% од планираните за 2024 година.

Во разгледуваниот период остварени се приходи од придонеси за здравствено осигурување во износ од 14.203 милиони денари или 52% од годишниот план. Придонесите за здравствено осигурување на пензионери уплатени од Фондот на ПИОСМ изнесуваат 4.508 милиони денари, додека придонесите за здравствено осигурување уплатени од Агенцијата за вработување на РСМ изнесуваат 61 милион денари. Трансферите од Основниот буџет изнесуваат 3.915 милиони денари, приходите од партиципација 251 милион денари, а останатите приходи 50 милиони денари. Во делот на расходите, реализирани се трошоци за примарна здравствена заштита во износ од 18.995 милиони денари, трошоци за боледување 2.592 милиона денари, за ортопедски помагала 393 милиони денари и за лекување во странство 281 милион денари. Расходите за плати, стоки и услуги и капиталните расходи изнесуваат 287 милиони денари.

Во периодот јануари – јуни 2024 година, Агенцијата за вработување на РСМ оствари суфицит во висина од 922 милиона денари, во услови на остварени приходи во износ од 2.088 милиони денари (56,8% од планираните за 2024 година) и извршени расходи во износ од 1.166 милиони денари (29,8% во однос на годишниот буџет). Придонесите по основ на осигурување во случај на невработеност се главна приходна ставка и тие се остварени во износ од 2.080 милиони денари, односно 58% од годишниот план.

Расходи на Агенцијата за вработување во првата половина од годината: по основ на паричен надоместок за невработени лица - 613 милиони денари, по основ на средства за вработување на инвалидни лица - 88 милиони денари, за активни мерки за вработување - 223 милиони денари и за плаќање придонеси за пензиско и здравствено осигурување за невработени лица - 61 милион денари. Расходите на Агенцијата за плати, стоки и услуги изнесуваат 181 милион денари.

### 3.1.3 Извршување на буџетот на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници

Согласно Буџетот на РСМ за 2024 година планиран е дефицит на буџетите на сопствените сметки за приходи на буџетските корисници (наменети за самофинансирачки активности, заеми и донации) во износ од 3.219 милиони денари, додека остварениот дефицит во анализираниот период изнесува 441 милион денари.

Заклучно со јуни 2024 година, вкупните остварени приходи на овие сметки изнесуваат 6.993 милиони денари (35,1% од планот за 2024 година), а реализираните расходи 7.434 милиони денари (31,1% од годишниот буџет). Во рамки на расходите, за тековни расходи се потрошени 4.275 милиони денари или 37,3% од годишниот план, додека за капитални расходи 3.159 милиони денари или 27% од годишниот план.

### 3.1.4 Извршување на Буџетот на РСМ по буџетски корисници[4]

Во продолжение е даден осврт на расходите и одливите од Буџетот на РСМ за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 87,7% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници (Графикон 13).

[4] Деталните податоци за приходите и расходите по буџетски корисници се прикажани во табелите на следната врска: https://finance.gov.mk/извештаи-трезор/. Податоците се прелиминарни и неконсолидирани и ги вклучуваат и приливите и одливите на средства.

Во првата половина од 2024 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 38.340 милиони денари или 65,3% од планираниот буџет за 2024 година. Притоа, најголем дел (72,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 27.746 милион денари или 70,8% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 19,3% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 54,1% (7.357 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во периодот јануари – јуни 2024 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[5] реализирани се 39.913 милиони денари, односно 54,7% од предвидените за 2024 година. Отплата на главнина (23.475 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 59,4%, а од планираните средства за 2024 година реализирани се 52,2%. Реализацијата за камата изнесува 66,8% од износот за цела година, односно 11.224 милиони денари, а во вкупните расходи оваа ставка учествува со 28,4%. Трета најзначајна ставка, со учество од 9,1%, е капитални расходи, за што се потрошени 2.130 милиони денари.

Графикон 13. Структура на реализирани расходи и одливи според буџетски корисници, јануари – јуни 2024 година




Во периодот јануари – јуни 2024 година, Министерството за образование и наука реализира буџетски средства во износ од 19.215 милиони денари (51,1% од планираното), што е за 19,1% повеќе во споредба со претходната година. Најголем дел од расходите (61,4%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10.752 милиона денари или 50,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,9% и за неа се потрошени 3.303 милиони денари, односно 58,1% од вкупно предвидените.

Во првата половина од 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 6.997 милиони денари, што претставува 53,63% од буџетот за 2024 година и е за 14,3% повеќе во однос на претходната година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 75,1%, за што се потрошени 4.798 милиони денари или 52,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 13,5% и за неа се реализирани 855 милиони денари, што претставува 64,3% од годишниот план.

[5] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Во периодот јануари – јуни 2024 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира средства во износ од 5.382 милиона денари (64,1% од вкупните планирани средства за 2024 година). Главна ставка кај овој буџетски корисник со учество од 93% во вкупните расходи е субвенции и трансфери, којашто е реализирана во износ од 5.002 милиона денари, односно 72,3% од планираното.

Во првата половина од 2024 година, Министерството за одбрана реализира буџетски средства во износ од 9.426 милиони денари, што е 46,8% од вкупниот буџет за оваа година. Тие се повисоки за 47,2% споредено со претходната година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 30,8%, за што реализацијата во периодот јануари – јуни 2024 година изнесува 2.887 милиони денари (49,4% од вкупно предвидените средства). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 16,5% во вкупните расходи. За таа намена се потрошени 1.547 милиони денари, односно 41,8% од вкупно предвидените.

Во првите шест месеци од 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира средства во износ од 2.036 милиони денари, што е 39,3% од планираното за годината и тие се пониски за 10,6% споредено со претходната година. Најголема ставка со учество од 58,5% е субвенции и трансфери за која се реализирани 1.190 милиони денари или 37,3% од планираните средства за 2024 година. Втора значајна ставка со учество од 10% е капитални расходи и за неа се потрошени 203 милиони денари, односно 34,1% од планираното за 2024 година.

Во првата половина од годината, Министерството за здравство реализира буџетски средства во износ од 3.059 милиони денари (зголемување од 24,8% во споредба со истиот период претходната година), што е 39,9% од вкупниот буџет за 2024 година. Расходи за тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во вкупните расходи со 63,5%, за што во периодот јануари – јуни 2024 година се потрошени 1.547 милиони денари или 44,2% од средствата наменети за 2024 година. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество од 27,2% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 663 милиони денари, односно 32% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 2.093 милион денари, што претставува само 10,3% од вкупниот буџет за 2024 година. Тие истите се пониски за 82,7% споредено со претходната година. Ставка со највисоко учество во вкупните расходи на овој буџетски корисник е субвенции и трансфери, чија реализација во првата половина од 2024 година изнесува 326 милиони денари (44,1% од вкупните расходи), што е 49,9% од годишниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се потрошени 320 милиони денари, што е 2,1% од планираното за цела година, а во вкупните расходи учествуваат со 43,3%.

### 3.2. Управување со јавниот долг

Државниот долг на крајот на првото тримесечје од 2024 година изнесува 7.543,9 милиони евра, односно 51,5% од проектираниот БДП за 2024 година, додека јавниот долг[6] изнесува 8.769,9 милиони евра, односно 59,8% од БДП (Графикон 14). Притоа, во однос на крајот на 2023 година, учеството на државниот долг во БДП е пониско за 1,6 п.п., а на јавниот долг за 2,3 п.п.. Податоците за нивото на долгот имплицираат на негова повторна стабилизација, што доаѓа после периодот на зголемување на долгот како резултат на кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19.

Графикон 14. Состојба на државен и јавен долг (во % од БДП)




Извор: Министерство за финансии

Од аспект на каматната структура на државниот долг, на крајот на првото тримесечје од 2024 година односот на фиксната и варијабилната каматна стапка изнесува 73,5:26,5 соодветно (Графикон 15). Од аспект на валутната композиција, долгот во домашна валута учествува со 31,4% во портфолиото на вкупниот државен долг, додека долгот деноминиран во странска валута учествува со 68,6%. Притоа, учеството на долгот во евра во вкупниот државен долг изнесува 61,9% (вклучувајќи ги и домашните државни хартии од вредност со девизна клаузула), на специјалните права за влечење 6,5%, на долгот во јапонски јени 0,2%, а на долгот деноминиран во американски долари 0,04%.

[6] Со измените на Законот за јавен долг во мај 2019 година („Службен весник“ бр. 98/2019), негарантираниот долг е вклучен во дефиницијата за јавен долг.

Графикон 15. Каматна структура (лево) и валутна структура (десно) на државниот долг во првото тримесечје од 2024 година




Извор: Министерство за финансии




Извор: Министерство за финансии
(*вклучително и домашните ДХВ со девизна клаузула)

Во периодот јануари – јуни 2024 година, Министерството за финансии на редовна основа издаваше државни хартии од вредност на домашниот пазар, во согласност со календарот за издавање ДХВ.

Во текот на првото тримесечје од 2024 година беа реализирани редовни ревизии на оценките на кредитниот рејтинг на државата од страна на агенциите за кредитен рејтинг „Фич“ и „Стандард и Пурс“.

- Во јануари 2024 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ го потврди кредитниот рејтинг на земјава на „ББ-“ со стабилен изглед. Очекувањата на Агенцијата се дека проактивното креирање политики на македонската Владата и умерените нивоа на државниот долг ќе ги неутрализираат повеќекратните ризици што произлегуваат од конфликтот во Украина. „Стандард и Пурс“ посочија дека очекуваат фискалната консолидација да продолжи. Кризата ќе има влијание и во 2024 година, но сепак се очекува дека буџетскиот дефицит ќе биде понизок во однос на 2023 година, односно да дојде на нивото од 3,4% (од 4,6%).
- Во април 2024 година, Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич“ го потврди кредитниот рејтинг на земјава на „ББ+“ со стабилен изглед. Очекувањата на Агенцијата се дека растот на економијата ќе зајакне на 2,9%, поттикнат главно од приватната потрошувачка, поткрепена од растот на платите, потоа од реализацијата на проектот на автопатите на коридорите 8 и 10д, како и од континуираниот прилив на странски директни инвестиции. „Фич“ прогнозира растот дополнително да се зголеми во 2025 година на 3,6%, базиран на подобрените изгледи кај клучните трговски партнери на земјата. Позитивно влијание се очекува и од финансиската поддршка преку новиот европски План за раст на Западен Балкан.